Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

Извадок на дел од дневни настани 10.12.2021

На 09.12.2021 во 15.15 часот на ул.„Бајрам Шабани" во Скопје, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Ф.С.(26) од Скопје. Тој бил баран по распишана централна потерница за издржување казна затвор од три години. Лицето ќе биде спроведено во казнено-поправна установа за издржување на казната.

На 09.12.2021 на ул.„Караорман" во Битола, полициски службеници од Отсекот за недозволена трговија со дрога и оружје при СВР Битола ги лишиле од слобода С.О.(48) од Битола и Ш.А.(35) од Прилеп. При претрес во домот и други простории на С.О., извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени прашкаста материја и повеќе предмети со остатоци од прашкаста материја. Додека, при преглед на Ш.А. биле пронајдени и одземени предмети со остатоци од прашкаста материја. Тие биле приведени во полициската станица и по целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 09.12.2021 во 22.35 часот на ул.„Смаилица" во Кавадарци, полициски службеници од Полициската станица Кавадарци го лишиле од слобода на М.К.(40) од Кавадарци. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, била пронајдена и одземена кафеава прашкаста материја. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 09.12.2021 во с.Велмеј, општина Дебрца, полициски службеници од Одделението за недозволена трговија со дрога и оружје при СВР Охрид го лишиле од слобода З.Ј.(43) од Охрид. При претрес во куќа негова сопственост, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени една автоматска пушка и вкупно 73 куршуми за автоматска и ловна пушка од различни марки и калибар, што нелегално ги поседувал. Тој бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 09.12.2021 на подрачјето на СВР Штип, полициски службеници спроведоа акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 18 прекршоци, од кои 14 надвор од населено место и 4 во населено место. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции. Санкционирани биле и 7 други видови на прекршоци, од кои 4 за управување возило без возачка дозвола, 1 за управување возило под дејство на алкохол и 2 за непрописно паркирање.

На 10.12.2021 во 00.30 часот на Граничниот премин „Долно Блаце", при извршени гранични проверки било констатирано дека А.Ј.(50) од с.Черкези, кумановско, се наоѓа во оперативната евиденција со мерка „апси", по судска наредба да Основен суд Куманово. Тој бил приведен и предаден на полициски службеници од СВР Куманово за понатамошна постапка.

На 09.12.2021 во 14.15 часот во Полициска станица Гевгелија било пријавено дека на регионален пат Гевгелија – Богданци се случила сообраќајна несреќа помеѓу мотоцикл „јамаха", без регистарски ознаки, управуван од С.Г.(20) од Богданци и патничко возило „фолксваген", со скопски регистарски ознаки, управувано од Д.Ј.(62) од Богданци. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил возачот на мотоциклот, констатирани во Медицинскиот центар Гевгелија. Увид на местото извршила екипа на Полициска станица Гевгелија.

На 09.12.2021 во 17.50 часот во СВР Тетово било пријавено на регионалниот пат Тетово-Скопје, во с.Групчин, патничко возило „опел вектра", со тетовски регистарски ознаки, управувано од М.С.(69) од тетовска Палатица, удрило во пешакот М.С.(71). Во несреќата М.С. се здобила со тешки телесни повреди, констатирани во тетовската Клиничка болница. На местото на несреќата увид извршила екипа од СВР Тетово.

На 09.12.2021 во 12.05 часот во СВР Битола било пријавено дека на крстосница од ул. „Арон Ароести" и ул.„8 Септември" во Битола, товарно возило „ежо експерт", со битолски регистарски ознаки, управувано од И.Т.(35) од Битола удрило во пешак Д.Д.(66) од Битола. Во несреќата, Д.Д. се здобил со тешки телесни повреди констатирани во Клиничката болница Битола. Увид извршила увидна екипа на СВР Битола.

На 09.12.2021 околу 21.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека настанал пожар во стан на ул.„Методија Шаторов – Шарло", сопственост на М.Ш.(66), која била во станот и починала. Од страна на лекар во 21.30 часот била констатирана смрт, а пожарот бил изгаснат од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје. По наредба на Јавен обвинител телото било предадено за обдукција.

На 09.12.2021 во 17.00 часот во Полициската станица Аеродром, А.С.(21) од Скопје пријавил дека на бул.„АСНОМ" бил каснат од куче скитник.

Во текот на изминатото денонќие (09.12/10.12.2021) на територијата на Република Северна Македонија, за мерката за носење лична заштита на лице, регистрирани се 22 прекршоци.

На 09.12.2021 во 18.10 часот во Полициската станица Карпош, С.Д.(36) од Скопје пријавила дека на ул.„Бледски договор" била касната од куче скитник.

На 08.12.2021 околу 08.30 часот во Штип, полициски службеници од СВР Штип го лишиле од слобода Н.К.(44) од Скопје. Тој се барал со потерница поради постоење основи на сомнение дека е сторител на две кривични дела „тешка кражба" на подрачјето на општина Гази Баба - Скопје. При преглед над него и контрола во возилото „БМВ" со скопски регистарски ознаки, кое го управувал, биле пронајдени и одземени 4.960 евра, разновиден златен накит, два мобилни телефони, а исто така, било одземено и возилото. За наведеното Јавен обвинител, а по негови насоки и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 09.12.2021 година, при извршени сообраќајни контроли во Кичево, полициските службеници извршиле контрола на 36 автобуси што вршат јавен превоз на патници од кои, 20 упатиле во станица за технички преглед. Притоа, кај 04 автобуси, биле констатирани недостатоци на опрема. Полициските службеници во Дебар, затекнале 05 возачи кои управувале моторно возило со брзина поголема од дозволената (2 во населено место и 03 надвор од населено место) додека во Охрид, еден возач бил затекнат при управување моторно возило под дејство на алкохол по што е исклучен од сообраќај и одземена му е возачката дозвола. За констатираните прекршоци, поднесени се соодветни платни налози.

На 09.12.2021 во 19.40 часот на ул.„9-ти Мај" во Кочани, полициски службеници од Полициската станица Кочани, при контрола на патничко моторно возило „фолксваген голф" со кочански регистарски ознаки, управувано од О.Е.(39) од с. Драгобраште, пронашле дрва без соодветна документација. Возилото и дрвата биле предадени на шумска полиција за понатамошна постапка, а по документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 10.12.2021 во 02.10 часот во СВР Струмица било пријавено дека на крстосница од бул. „Ленинова" и бул.„Маршал Тито" во Струмица се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „фиат", со струмички регистарски ознаки, управувано од Ѓ.Г.(23) од с.Мокрино, струмичко и патничко возило „ауди А5", со радовишки регистарски ознаки, управувано од Т.С.(34) од с.Раборци, струмичко. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил Т.П.(21) од Струмица, сопатник во возилото „ауди", констатирани во Медицинскиот центар Струмица. Увид на местото извршила екипа на СВР Струмица.

Ноќеска (10 декември) околу 1 часот и 45 минути, полициски службеници на СВР Тетово ги лишиле од слобода 44-годишната Л.Ѓ. и 58-годишниот Ф.Р., двајцата од Тетово, поради сомнение дека Л.Ѓ., претходно, во домот на А.Т.(60) во Тетово, каде престојувала заедно со Ф.Р., со остар предмет го повредила А.Т.. Тој бил пренесен во тетовската Клиничка болница за укажување на лекарска помош. Увид извршила екипа од СВР Тетово, а Л.Ѓ и Ф.Р. задржани се во Полициската станица Тетово и по целосно расчистување и документирање на случајот ќе им бидат изготвени соодветни поднесоци.

На 10.12.2021 во 00.54 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Џон Кенеди" настанал пожар во патничко моторно возило „голф" со гостиварски регистарски ознаки, сопственост на Ш.Б.(43) од Гостивар. Пожарот бил изгаснат од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје, а повредени лица нема.

На 09.12.2021 во 09.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека на подрачје на Центар бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Г.К.(46) и Д.П.(29), двајцата од Скопје. Сочинети се записници за констатиран прекршок по Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

На 09.12.2021 во 21.30 часот во СВР Скопје, Д.С.(38) од Скопје пријавил дека околу 15.00 часот во куќа сопственост на А.М. во населба Гоце Делчев, Скопје, по претходна расправија бил физички нападнат од П.Б. и А.Н. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 09.12.2021 во 17.30 часот во СВР Скопје, Е.Х.(44) од Скопје пријавила дека околу 12.30 часот во двор од основно училиште на подрачје на Шуто Оризари, Х.Б. упатил закани и се обидел да го повреди со тврд предмет нејзиниот син. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 09.12.2021 во 09.30 часот во СВР Скопје, Б.Ќ.(28) од Скопје пријавил дека на 08.12.2021 околу 16.00 часот на Плоштад Македонија едно лице со закана му одзело ранец со мобилен телефон. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 09.12.2021 во 11.00 часот во СВР Скопје, М.С.(65) од Скопје пријавила дека од домот се оддалечил Ж.С.(39), кој имал здравствени проблеми. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кичево поднесе кривична пријава против А.М.(38) и П.М.(38), двајцата од Битола, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „спречување на службено лице во вршење на службено дејствие". На 04.12.2021, пријавените физички нападнале полициски службеници кои извршувале службени дејствија.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Б.Б.(30), Б.Е.(36), А.С.(21) и И.Р.(23), сите од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволено изработување, држење и тргување со огнено оружје или распрскувачки материи" и „незаконит лов". На 15.05.2021 на место викано „Три води", полициски службеници ги затекнале пријавените во викенд куќа со ловечко огнено оружје. Б.Б бил затекнат со карабин „Сава Крањ" калибар 8,57 мм со три куршуми, за кое не поседувал дозвола, Б.Е бил затекнат со ловна пушка „Ата Армс" калибар 12 мм, футрола во која имало 37 патрони, пиштол „Glock" калибар 9,19 мм со 16 куршуми, А.С. бил затекнат со ловечки нож со сечиво од 15 см, а со намера на ловиштето „Ѓуботен" да ловат дивеч за време на „новосоѓ".

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Делчево поднесе кривична пријава против П.Д.(27) од Кочани поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 09.05.2021, полициски службеници од Полициската станица Македонска Каменица извршиле преглед над пријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против С.Ј.(38) од Куманово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 04.12.2021 во Куманово, полициски службеници извршиле претрес во домот на С.Ј., при што пронашле и одзеле хероин.